Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СПИ.бр.2/23
28.04.2023 година
Гевгелија

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот АМ Скопје, Основниот суд Гевгелија на ден 28.04.2023 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од барателот АМ Скопје, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, СЕ УВАЖУВА.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од барателот АМ Скопје, Имателот на информацијата Основен суд Гевгелија, Ви ги доставува следните податоци за сите кривични дела против половата слобода и половиот морал за периодот од 2013 година заклучно со месец март 2023 година, за сите кривични дела против половата слобода и половиот морал и тоа:

1. Задоволување на полови страсти пред друг по член 190 од КЗ, донесени се 3 - три правосилни осудителни пресуди;
2. Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години по член 188 од КЗ, донесени се 3 - три правосилни осудителни пресуди;
3. Обљуба врз немоќно лице по член 187 од КЗ, донесена е 1-една правосилна осудителна пресуда и
4. Силување по член 186 од КЗ, донесена е 1-една правосилна осудителна пресуда.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Гевгелија на ден 28.04.2023 година, под СПИ.бр.2/23 од 28.04.2023 година

По овластување на Претседателот на судот
Службено лице за посредување со информации од јавен каратер
Павле Тунев-Раководител на оддел